**Соопштение до медиуми** **19.09.2014**

**Предмет:** Анкета за „Интеграција на Република Македонија во Европската Унија"

Почитувани,

Институтот за демократија „Социетас Цивилис" Скопје (ИДСЦС) поддржан од Фондацијата Конрад Аденауер, претставништво во Република Македонија (КАС), спроведе истражување на јавното мислење на тема „Интеграцијата на Република Македонија во Европската Унија". Анкетата беше спроведена телефонски во периодот помеѓу 10-15 септември 2014 година, на национален репрезентативен примерок од 1002 испитаници, со статистичка грешка од ±3,1%.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека:

1. **Поддршката за европските интеграции на Република Македонија е висока.** Големо мнозинство од испитаниците (80%) одговориле дека доколку следната недела се одржи референдум за влез на Република Македонија во ЕУ тие ќе гласаат „за", додека многу мал број од испитаниците 14% би гласале „против".

2. **Мнозинство од граѓаните го поддржуваат влезот на Република Македонија во ЕУ, доколку не постои услов за промена на името.** Скоро две третини од испитаниците (63%) поддржуваат влез на Македонија во ЕУ доколку не треба да се направат отстапки за името на државата. Една четвртина од испитаниците (26%) таквата поддршка би ја дале и покрај промена на името.

3. **Половина од граѓаните сметаат дека Република Македонија е подготвена за членство во ЕУ.** Педесет и еден процент сметаат дека Македонија е подготвена за членство во ЕУ, а 42% дека не е.

4. **Граѓаните се поделени околу оценката за напредокот во ЕУ интеграциите во изминатата година.** Скоро половина од испитаниците (47%) сметаат дека сме напреднале во процесот, додека 20% сметаат дека напредокот е мал. Скоро една третина (31%) мислат дека напредок изостанува или се случило назадување.

5. **Скоро половина од граѓаните не очекуваат ништо ново од претстојниот извештај на ЕУ за напредокот.** Безмалку секој втор испитаник (48%) смета дека извештајот ќе биде ист како минатата година, додека 28% сметаат дека извештајот ќе забележи напредок. Еден од секои пет испитаници рекле дека очекуваат извештајот да бележи назадување.

6. **Граѓаните сметаат дека главна причина што Македонија не е дел од ЕУ е попречувањето на процесот на интеграција од страна на соседните држави.** Ова мислење е распространето кај 59% од испитаниците што покажува пораст во споредба од март 2014 кога мислењето го делеле 48%. Неспроведувањето на домашните реформи е главна причина за 29% од испитаниците. Мислењето дека главна причина е недовербата на ЕУ е присутно кај 7% од испитаниците и бележи значителен пад споредено со март 2014.

Во продолжение можете да ги погледнете резултатите од истражувањето, претставени со графикони, како и демографските специфики на примерокот.

Kraguevacka 2
1000 Skopje Macedonia
idscs.org.mk
Tel/Fax: +38923094760
facebook.com/IDSCS
contact@idscs.org.mk

Maksim Gorki 16 kat 3
1000 Skopje Macedonia
www.kas.de/mazedonien
Tel.: +38923231122
Fax.:+38923135290
Skopje@kas.de

# I. РЕЗУЛТАТИ


П1. Ако следната недела се одржи референдум за влез на Република Македонија во ЕУ, како би гласале вие?
1%
6%
14%
80%
За
Против
Не знам
Нема да гласам


П2. Дали сакате/поддржувате Македонија да стане членка на Европската Унија?
70
60
50
40
30
20
10
0
26%
63%
6%
4%
1%
Да, дури и доколку влезот во ЕУ е условен со промена на државното име
Да, но без отстапки за името на државата.
Не
Не знам
Нема одговор / Одбива да одговори


П3. Дали сметате дека Македонија е подготвена за членство во ЕУ?
1%
7%
42%
51%
Да
Не
Не знам (не се чита)
Нема одговор / Одбива да одговори


П4. Во однос на изминатата година колку сметате дека Македонија напреднала во процесот на ЕУ интеграција?
35
30
25
20
15
10
5
0
14%
33%
20%
26%
5%
2%
0%
Многу напреднала
Донекаде напреднала
Малку напреднала
Воопшто немало напредок
Се случило назадување
Не знам
Нема одговор / Одбива да одговори







Kraguevacka 2
1000 Skopje Macedonia
idscs.org.mk
Tel/Fax: +38923094760
facebook.com/IDSCS
contact@idscs.org.mk

Maksim Gorki 16 kat 3
1000 Skopje Macedonia
www.kas.de/mazedonien
Tel.: +38923231122
Fax.:+38923135290
Skopje@kas.de

Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

Konrad Adenauer Stiftung

# II. ДЕМОГРАФИЈА













*За сите подетални информации во врска со анкетата можете да се обратите до Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје.*


Kraguevacka 2
1000 Skopje Macedonia
idscs.org.mk
Tel/Fax: +38923094760
facebook.com/IDSCS
contact@idscs.org.mk

Maksim Gorki 16 kat 3
1000 Skopje Macedonia
www.kas.de/mazedonien
Tel.: +38923231122
Fax.:+38923135290
Skopje@kas.de